Архивски знак а/а 1603
Рок на чување 5г.
30.12 2025г. Потпис

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
**на Одделението за внатрешна ревизија во**

## ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

---

**за 2026 година**

Декември, 2025 година
Демир Хисар

**СОДРЖИНА**

**1. ВОВЕД**
**2. ВРСКАТА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ**
2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план за внатрешна ревизија

**3. АКТИВНОСТИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА 2026**
3.1. Пренесени ревизии од претходната година
3.2. Поединечни ревизии во 2026 година
3.3. Други активности на внатрешната ревизија

**4. КАПАЦИТЕТ НА ПЕРСОНАЛОТ/ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**
4.1. Определување на можниот број на ревизорски денови во текот на годината
4.2. Пресметка на времето потребно за активности во Годишниот план за внатрешна ревизија

**5. АЖУРИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

**6. ЗАКЛУЧОК**

## 1. ВОВЕД

Годишниот план за внатрешна ревизија за 2026 година се развива и подготвува врз основа на Стратешкиот план за внатрешна ревизија за периодот 2026-2028 година усвоен од страна на Градоначалникот на Општината Демир Хисар.

Годишниот план за внатрешна ревизија за 2026 година ги содржи сите активности на внатрешната ревизија кои се однесуваат на постигнување на целите на единицата за внатрешна ревизија содржани во Стратешкиот план за внатрешна ревизија за периодот 2026-2028 година, и ги утврдува целите, обемот и ресурсите неопходни за обезбедување на секоја поединечна ревизија за 2026 година.

Во случај на потреба, а поврзано со значителните промени кои може да се појават во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија Годишниот план ќе се ажурира. Секоја промена на Годишниот план ја одобрува градоначалникот на Општина Демир Хисар.

## 2. ВРСКАТА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

### 2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план за внатрешна ревизија

Поединечните ревизии планирани за 2026 година се во согласност со усвоениот Стратешки план за внатрешна ревизија за 2026-2028 година. Врската помеѓу задачите планирани во Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија е наведена во следната табела.

Табела 1: Односот помеѓу ревизиите планирани во Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија

| **Приоритетните области за ревидирањево Стратешкиот план за внатрешна ревизија за 2026 година** | **Планирани ревизии во текот на 2026 година** |
|---|---|
| Следење на спроведување на препораки дадени во ревизорските извештаи | Ревизија на успешност на спроведувањето на препораките од извршените ревизии во 2025 година |
| Процес на евиденција, пријавување и плаќање на обврските | Системска ревизија на процесот на евиденција, пријавување и плаќање на обврските во 2025 година во ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар |
| Реализација на годишните програми за активности по области во надлежност на општината | Ревизија на успешност на реализација на Годишната програма за 2025 година за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на општината |

| | |
|---|---|
| Процес на плаќања и набавки | Ревизија на регуларност во процесот на набавките и нивното плаќање во 2025 година во Домот на култура „Илинден“ Демир Хисар |

## 3. АКТИВНОСТИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА 2026 година

### 3.1. Пренесени ревизии од претходната година

Во Годишниот план за внатрешна ревизија за 2025 година беа планирани вкупно 5 поединечни ревизии. Сите планирани поединечни ревизии согласно Годишниот план се извршени.

### 3.2. Поединечни ревизии во 2026 година

Внатрешната ревизија ќе ги изврши следните поединечни ревизии во текот на 2026 година со цел да се реализираат целите дефинирани во Стратешкиот план за внатрешна ревизија за периодот 2026-2028 како што следува:

Табела 2: Планирани поединечни ревизии во 2026 година

| **1. Ревизија на успешност на спроведувањето на препораките од извршените ревизии во 2025 година** | |
|---|---|
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) | Среден |
| Општа цел на ревизијата | Целосна имплементација на дадените препораки |
| Прелиминарен опфат на ревизија | Ревизорските извештаи |
| Организациски единици вклучени во ревизијата | |
| Субјекти под надлежност | Училишта, ЈКП, Одделенија во општината |
| Методи на ревизија | Теренска работа, тестирање и преглед на документацијата, интервју со вработените, скенирани документи, меил. |
| **2. Системска ревизија на процесот на евиденција, пријавување и плаќање на обврските во ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар во 2025 година** | |
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) | Среден |
| Општа цел на ревизијата | Функционирање на интерни контроли |
| Прелиминарен опфат на ревизија | Процес на евиденција, пријавување и плаќање на обврски |
| Организациски единици вклучени во ревизијата | |
| Субјекти под надлежност | ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар |
| Методи на ревизија | Теренска работа, тестирање и преглед на |

| | |
|---|---|
| | документацијата, интервју со вработените, меил |
| **3. Ревизија на успешност на реализација на Годишната програма за 2025 година за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на општината** | |
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) | Среден |
| Општа цел на ревизијата | Степен на реализација на програмата |
| Прелиминарен опфат на ревизија | Годишната програма |
| Организациски единици вклучени во ревизијата | Одделение за Инспекторат |
| Субјекти под надлежност | |
| Методи на ревизија | Теренска работа, тестирање и преглед на документацијата, интервју со вработените, меил |
| **4. Ревизија на регуларност во процесот на набавките и нивното плаќање во 2025 година во Домот на култура „Илинден" Демир Хисар** | |
| Ниво на ризик (висок, среден, низок) | Висок |
| Општа цел на ревизијата | Усогласеност со законите |
| Прелиминарен опфат на ревизија | Процесот на набавките и нивното плаќање |
| Организациски единици вклучени во ревизијата | Дом на култура „Илинден" Демир Хисар |
| Субјекти под надлежност | Дом на култура „Илинден" Демир Хисар |
| Методи на ревизија | Теренска работа, тестирање и преглед на документацијата, интервју со вработените, меил |

Планираните поединечни ревизии се вршат според следниот распоред:

Табела 3: Годишниот план за внатрешна ревизија – месечен преглед на ревизии

| **Име на ревизијата** | **01** | **02** | **03** | **04** | **05** | **06** | **07** | **08** | **09** | **10** | **11** | **12** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ревизија на успешност на спроведувањето на препораките од извршените ревизии во 2025 година | x | x | x | | | | | | | | | |
| Системска ревизија на процесот на евиденција, пријавување и плаќање на обврските во ЈОУДГ „Втори септември" | | | | x | x | x | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Демир Хисар | | | | | | | | | | | | |
| Ревизија на успешност на реализација на Годишната програма за 2025 година за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на општината | | | | | | | x | x | x | | | |
| Ревизија на регуларност во процесот на набавките и нивното плаќање во 2025 година во Домот на култура „Илинден“ Демир Хисар | | | | | | | | | | x | x | x |

### 3.3. Други активности на внатрешната ревизија

1. Изготвување на Годишен извештај за работа

2.Континуирано следење на законската регулатива;

3.Посета на обуки и работилници од областа на внатрешната ревизија;

4.Следење на спроведувањето на препораките и на ефектите од нивната реализација;

5.Ажурирање на Стратешкиот и изготвување на Годишниот план за следната година,

6. Можност за извршување на ревизии на барање на раководството (ad hoc ревизии)

7. Соработка со ЕВР воспоставени во институциите од надлежност,

8.Организација на квартални/полугодишни состаноци и сл.

9.Вршење на консултантски советодавни услуги;

## 4. АЛОКАЦИЈА НА РЕВИЗОРСКИ РЕСУРСИ

### 4.1. Определување на можниот број на ревизорски денови во текот на годината

Можниот број на ревизорски денови во тековната година се пресметува за секој ревизор во единицата за внатрешна ревизија.

Табела 4: Пример за „Пресметка на бројот на ревизорски денови во (*внесете тековна година за која се однесува пресметката, односно годината за која се однесува Годишниот план за внатрешна ревизија*)

| **Име на ревизорот** | **Работни денови во 2026 година** | **Број на денови за Годишен одмор** | **Број на денови за обука(едукација)*** | **Непредвидени околности**** | **Проценет број работниденовипоревизор** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=2-3-4-5 |
| Валентина Павловска | 245 | 26 | 10 | 9 | 200 |
| Катерина Бошевска | 245 | 26 | 10 | 9 | 200 |

### 4.2. Пресметка на времето потребно за активности во Годишниот план за внатрешна ревизија

Ревизорските задачии потребните денови ќе бидат доделени на активностите во Годишниот план за внатрешна ревизија, како што следува:

| Име на ревизорот | Проценети работни денови | Вршење на ревизорски ангажман | Вршење на консултантски (советодавни) услуги | Следење на спроведувањето на препораките и проценка на влијанието | Ажурирање на Стратегијата за внатрешна ревизија и развивање на ГП за ВР | Подготовка на полугодишен/ годишен извештај /извештај по барање | Соработка/состаноци | Самооценување на единицата за внатрешна ревизија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РАКОВОДИТЕЛОТ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА: | | | | | | | | |
| Валентина Павловска | 200 | 70 | 55 | 10 | 25 | 20 | 10 | 10 |
| ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР | | | | | | | | |
| Катерина Бошевска | 200 | 140 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |
| | | | | | | | | |
| **Вкупно:** | **400** | **210** | **65** | **20** | **35** | **30** | **20** | **20** |
| | | 275 | | 125 | | | | |
| % | **100%** | **69%** | | **31%** | | | | |

Споредбата на потребните ресурси со реалниот број на внатрешни ревизори открива дека одделението за внатрешна ревизија има доволно ресурси за да го реализира предвидениот Годишен план.

## 5. АЖУРИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Доколку е потребно, а во врска со можни значајни промени во работењето во текот на годината што влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план за внатрешна ревизија ќе се ажурира соодветно.

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија известува за спроведувањето на Годишниот план за внатрешна ревизија на годишно ниво преку Годишниот извештај за активностите на единицата за внатрешна ревизија.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Во текот на 2026 година, внатрешната ревизија ќе ги фокусира своите активности на:

-обезбедување на квалитетот на ревизијата и извршување на Годишниот план,
-зајакнување на системот на внатрешна контрола во општината и институции во надлежност,
-примена на нови стандарди на работа, во врска со развојот на методолошки пристап кон вршењето на функцијата на внатрешна ревизија,
-обезбедување на постојана стручна обука за стекнување на нови и проширување на постоечките знаења и вештини, во согласност со применливите упатства за континуиран професионален развој на внатрешните ревизори во јавниот сектор.

Планираните активности во рамки на Годишниот план за внатрешна ревизија за 2026 година ќе овозможат насочување на Одделението за внатрешна ревизија кон остварување на утврдените цели.

Како потврда за тоа е фактот што истите се утврдени врз основа на реална проценка на ризиците и водат кон воспоставување и зајакнување на ефикасен и ефективен систем на внатрешна контрола.

Бр. 16-1163/5

Датум: 25.12.2025 година

| Раководител на одделение за внатрешна ревизија | Градоначалник на Општина Демир Хисар |
| --- | --- |
| Валентина Павловска | Никола Најдовски |
| ________________ | ________________ |